Centar za Romska zaednica “DROM-Kumanovo
Centro baso Romano khedipe “DROM”-Kumanovo

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА
# ,, Ромскиот информативен центар - Куманово“
# ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ
# 2009

*Центар за ромска заедница “ДРОМ“ – Куманово*
*ул: III МУБ  14, 1300 Куманово,Република Македонија*
*Тел: +389 (0) 31 411 406 ; Факс: +389(0)31 430 148*
e – mail: ric_kumanovo@yahoo.com
www.drom.org.mk

**Логистика и секојдневна работа на РИЦ – Куманово**

РИЦ Куманово имаше редовни месечни состаноци со претставниците од институциите за размена на информации, давање на идеи за полесно решавање на проблемите со кои се соочува ромското население во Куманово.

Помош при вадење на извод, лична карта, државјансво и други потребни документи;

Дававање информации и помош за: пополнување на барања, добивање на социјана помош како и други документи поврзани со социјалната заштита.

Пишување на молби, барања, соопштенија и други потреби кои имаа ромските граѓани кои ги посетуваа просториите на РИЦ;

Информации за слободни работни места од пазарот на трудот како и пријава и одјава за работодавци и огласување за потреба за вработување на нови лица

Информирање на лица кои доаѓаа со потешки заболувања дека истите можат да бидат ослободени од дел на трошоците при користење на услугите.

Информирање за активности поврзани со тековните конкурси објавени од јавните установи.

Проширување на информациите поврзани со уписите во основните, средните и високите образовни институции. Активности поврзани со информирањето и подготовката на документи за доделувањето на стипендии за средношколците. Подигање на свеста кај заедницата за потребата од образование и новите промени коишто произлегуваат од законската регулатива во оваа насоки.

Учество на повеќе симпозиуми, дебати, работилници и трибини на локално и национално ниво поврзани со Ромската заедница.

**Јануари 2009**

РИЦ – Куманово паралелно ги следеше сите процеси за воведување на Ромски јазик и култура и средби кои се одвиваа во Локалната самоуправа и Основните училишта , каде што дојде до сознанија дека треба да се одвива во пет Основни училишта во Куманово.

На средбата во Локалната Санмоуправа со Ромскиот Советникот од Куманово дојдовме до сознанија дека од страна на Градоначалник на Општина Куманово е испратено писмо до Министерство за образование и наука, за вработување на еден Ром за предметот Ромски јазик и култура. РИЦ имаше увид на дописот на кој е испратено до Министерството за образование и наука, како и подршката со печати на О.У во кои ке се одвива настава колку ученици од кои паралелки. Во врска со горе споменатата ситуација РИЦ ги наведе следниве забелешки:

Во иднина ке треба навреме да се одвиват ваквите процеси за имплементација на изборните предмети , за да недојде до стагнација на процесот;

Поголема координација со сите релевантни фактори О.У , НВО и Л.С;Трансаретност при распишување на конкурси, за да можат и останати лица да аплицират;

Поголемо ангажирање на Министерство за образование за недоследностите кои ке одат со имплементација на Ромски јазик и култура , има ученици кои го познаваат Ромскиот јазик , во случај ако не ромски деца се запишат на изборен Ромски јаик како ке се вклопат со Ромските деца кои го познаваат , се зборува за две категории на ученици кои не се со исто познавање и не можат да бидат на исто рамниште со програмата.

Овој месец најголем број на случаи кои ги посетија просториите на РИЦ – Куманово имаа потреба од вадење на лична документација: извод, државјансво и лична карта.

РИЦ Куманово сите случаи ги заведува во електорнска форма, прави фотокопии и постапката ја спроведува по следниот редослед:

Водење на евиденција на лицата кои имаат потреба;

Известување на лицата;

Пополнување на формуларите и улаќање во УВР – Куманово;

Доставување на потребната докумнетација;

Поднесување на документите до УВР Куманово се доставуваат групно еднаш месечно од страна на правник вработен во ИЦГО.

РИЦ – Куманово имаше посетоност од лица кои имаа потреба од областа домување односно вадење на: имотен лист, потврда од катастер, немање на целосна документација за имотен лист, проблеми при пренос на имотот, дивоградба и сл. Овие лица ги упативме кај претставникот од урбанизам на предходно закажан термин.

Од правен аспект имавме случаи кои имаа потреба за пишување на купопродажни договори, пишување на тужби и одговори на барања и сл.

**Февруари 2009**

На 19.02.2009год. РИЦ одржа средба со медицинска сестра вработена во Детски диспанзер – Куманоово. Целта на оваа средба беше размена на информации по повод се почестата појава на заразни болести (Хепатит и заушки) кај децата. Медицинската сестра истакна дека на територијата на Општина Куманово има приближно 300 Ромски деца на возраст од (0 – 7 год)кои делумно или воопшто не биле вакцинирани. Исто така истакна дека се планира што побрза вакцинација на овие деца како предвидени планови на Министерството за здравство.Ние како ромски информативен центар се понудивме да помогнеме согласно според своите можности.

Состанок во просториите на РИЦ со претставник вработен во Центарот за социјални работи. На состанокот беа презентирани два деликатни случаи кои имаа потреба од решавање на проблем. ( побрзо сместување на деца во семејства). Со претставникот се договоривме како заенички да делуваме во врска со овие случаи и во иднина да имаме почести месечни состаноци поради големиот број на лица кои се соочуваат со проблеми поврзани со социјалната заштита.

На 06.02.2009год.во просториите на Ромски информативен центар го посетија преставници од Министерството за труд и социјална политика, Агенција за вработување Скопје како и Агенција за вработување Куманово.

На состанокот беа поканети 15 приватни фирми од Куманово кои имаат потреба од вклучување на нов персонал.

Целта на состанокот беше информирање за тековната програма за чиракување на Роми по приватни фирми со што би се намалил и бројот на социјални случаи во градот. РИЦ – Куманово во наредниот период ќе работи за информирање на граѓаните и фирмите за оваа програма.

На 10.02.2009год. просториите на РИЦ Куманово беа посетени од страна на локалната телевизија ТВ НОВА со цел да се презентираат активностите на РИЦ – Куманово. Воедно посетата беше да се презентираат активностите кои ги спроведува РИЦ Куманово како и резултатите кои ги има постигнато. На оваа интервју беше објаснета целокупната работа на РИЦ Куманово, соработката со локалната самоуправа како и претстваниците од институциите.

Целта на ова интервју беше да се информираат граѓаните на Куманово дека РИЦ и оваа година активно ќе продолжи да работи како линк помеѓу граѓаните и институциите се со цел намалени проблеми кај граѓаните

Овозможување на студенти и средношколци Роми за користење на интерет доколку имаат потреба за добивање на информација која им е потребна за образованието;

И овој месец доаѓаа лица кои се интересираа и имаа потреба од: потполнување на здравствени книшки, давање на информации за вадење на потврда за платен придонес за здравствено осигурување исл. Исто така имавме случаи како што се потреба од фондот за здравство за издавање на потврда за ослободување од партиципација за болнички трошоци

Во населбата Перо Чичо во Куманово, т.е. ромска населба Бараки на ден, 05.03.2009, четврток во приквечерните часови се случи пожар во кој беа зафатени и до темел изгореа 7 ромски куќи .Од овој несреќен случај без покрив над глава останаа 7 ромски семејства (32 лица од кои 18 деца), кои и без оваа ситуација се на маргините на општеството и се борат со суровиот живот секојдневно само да преживеаат. Освен овие седум, имаше уште 9 куќи кои имаа опожарени кровови.

Исто така во населбата Средорек на ден, 06.03.2009, петок во пожар изгоре уште една ромска куќа (4 лица) како последица на дотрајана и стара инсталациона мрежа за електрична енергија.

Поради оваа несакана ситуација се организира состанок во Локалната Самоуправа Куманово на кој присуствуваа повеќе НВОи, политички партии, претставници од власта, институции како и градоначалникот на Општина Куманово .

На состанокот беше договорено кризниот штаб за овие лица да се наоѓа во најбликиата Ромска НВО , поради местоположбата на организацијата која се наоѓа во населбата Перо Чичо, во непосредна близина на опожарените куќи.На овој состанок беше разговарано за понатамошното делување, како да им се помогне на овие лица и како директно да се превземат мерки.

Лицата кои останаа без домови привремено се сместени во месната заедница Перо Чичо каде што имаа обезбедено сместување, греење и храна. Воедно лицата добија хуманитарни пакети кои се состоеја од основни потреби за живот ( ќебиња, душеци, кревети, облека, храна, хигиенски помагала).Хуманитарната помош пристигаше од НВОи , Општина Куманово, политички партии и хумани граѓани.

На лице место излезе комисија за проценка на штетата така да на лицата им е доставена и одобрена еднократна парична помош за две семејства во износ од 20 000 ден, додека пак другите семејства земаа по 30 000ден.

Од страна на Локалната Самоуправа на лицата им беа доделени парични средства во висина од 60 000ден за семејствата на кои куќите

целосно им беа уништени од пожарот а по 12000ден. за семејствата чии покриви беа опожарени.

Некои од семејствата кон крајот на овој месец успејаа повторно да ги изградат и реновораат своите домови како и да се вселат во истите.

Воедно за овие лица е отворена посебна жиро сметка на која ќе можат сите хумани граѓани и здруженија да донираат парични средства за овие семејства.Жиро сметката беше доставена до сите НВОи и институции.

Ромски информативен центар – Куманово активно зема учество на сите состаноци и средби кои се однесуваа на овој проблем. Имаше редовни контакти со институциите и Локалната Самоуправа се со цел да се помогне на овие семејства.

Ова покажува како понекогаш сите можеме да бидеме единствени и да си помагаме меѓусебно.

**<u>Март 2009</u>**

Од март 2009год Центар за ромска заедница "ДРОМ" и РИЦ започна со имплементација на проектот „Преку едукација до намалена дискриминација"во период од шест месеци со финаниска подршка од страна на OSCE.

Целта на проектот е еманципација на жената Ромка и подигната свест во релација брак – семејство.

Идејата за реализирање на еден ваков проект произлезе од проблемот кој се јавува кај Ромите, најчесто кај жените а тоа е предвремено стапување во брак кој потоа се рефлектира во образовниот процес со напуштање на училиштето а потоа и во делот вработување.

Овој месец беа испечатени флаери со едукативен карактер за планирање на семејство кои ќе започнаа да се делат од месец Април.
Во проектот се предвидени следниве активности:

Теренска едукација во ромските населби од страна на медицинска сестра и теренски работник кои преку директен разговор со жените во ромските семејства ке вршат едукација за последиците од раните бракови, несакана бременост и планирање на семејство. Воедно на теренската едукација ќе се делат флаери и презервативни средства.

Организирање на работилница на тема „Сите имаме право на избор "на која ќе земат учество 15 жени кои рано сталиле во брак и 15 девојки со возраст над 13 год;

Организирање на работилница на истата тема на која ќе земат учество 15 машки и 15 женски кои сеуште не стапиле во брак и истите се на возраст над 13год.

Организирање на работилница на кои ќе учествуваат 30 Ромки од кои 15 ќерки и 15 мајки;

Организрање на тридневен семинар на тема „Рани бракови и семејно планирање“. На овој семинар ќе бидат поканети лица кои се занимаваат со женската проблематика и кои имаат искство во работата со жени Ромки. На семинарт ќе бидат поканети и сите Ромски информативни центри од државата.

На 05.03.2009год.Лоби групата од проектот „Комуникација со централна власт 2“ меѓу кои и РИЦ - Кумановомеѓу кои имаше средба во Секретаријат за Европски Прашања (СЕП) со Државнот секретар .

На средбата беше презентирана целта на проектот и резултатите кои ги има постигнато.

Од страна државнот секретар беа истакнати надлежностите на СЕП кој има координативна функција за прашања поврзани со подготовката за членство на Р. Македонија во Европската унија. Секретарајатот остварува интензивна соработка како со органи на државната управа така и со други органи и институции. Покрај другите надлежности СЕП остварува функција за следење на обврските. Најголем преиоритет во последниот период се става на визната либерализација за што во иднидна се очекуваат и позитивни резултати.

На состанокот беше разговарано за ИПА фондовите и како истите може да се искористат за остварување на дел од Акционите Планови и Страгијата за Декадата како и да се вметнат Акциоиот План и Стратегијата за Декадата;

Да има почести контакти помеѓу СЕП и граѓанскиот сектор за поголема меѓусебна информираност;

Поголема соработка на НВОи и Локалните Самоуправи;

Поголемо користење на фондови од странски фондации кои подржуваат програми поврзани со ромските прашања;

Користење на Програмата за заедниците преку партнерство со Универзитети;

Користење на ИПА фондовите преку прекугранична соработка на НВОи кои работат на исто поле;

Ромскиот информативен центар овој месец пишуваше и изјави за непоседување на имот на Ромски семејства за прибирање на документацијата за остварување на социјална парична помош, а во однос на документот кој што е неопходен за вадење од страна на странката преку Управата за јавни приходи.

Информации за слободни работни места од пазарот на трудот како и пријава и одјава за работодавци и огласи за вработување на нови лица;

Евиденција на лица кои имаат потреба од вадење на лична докумнетација, прибирање на податоци , фотокопирање на потребни докумнти и формирање на конечна листа;

Контакти со СВР – Куманово и уплата на жиро сметки за бесплатно вадење на документацијата за потребите на граѓаните;

Состанок во просториите на РИЦ со претставниците од Центар за социјални работи, Сектор за образование и Сектор за урбанизам;

Пишување на барања, жалби, изјави и дрги потреби;

Превод на документи од друг јазик за потребите на странките;

Пуштање на факсови до Република Германија и Данска за вадење на пензија на странките како и за извод на родени;

Контакти со Црвен крст Куманово за помош на лица кои се во лоша социјална положба;

**Април 2009**

На 14.04.2009год. РИЦ – Куманово организираше средба за инфомирање и консултаццији за процедурите и можностите за легална миграција во Европската Унија, Швајцарија, УСА, Канада, Нов Зеланд и Австралија.

На средбата учествуваше претставник од Миграцискиот Сервисен Систем за полесно да се информира населението во врска со условите како и директно да им се помогне на одредени лица кои имаат ваков тип на проблеми.

На средбата учествуваа 30 лица од населбите Средорек и Бавчи и истите беа информирани за:постапката за добивање на виза;Услови за вработување и животни услови;Студирање во странство;Имиграциони програми;Миграциски права и подршка; Спојување со семејство;Можности за реинтеграција за повратниците.

На 30.04.2009год. во просториите на Ромскиот Информативен Центар – Куманово се изврши имунизација против MRP (заушки) за деца кои не биле опфатени во овој процес. РИЦ Куманово даде логистичка подржка во делот информирање односно доставување на покани до лицата кои требаа да примат вакцина и овозможи просторија каде што стручните медицински лица можеа да ја извршат имунизацијата.

РИЦ Куманово и наредниот месец ќе продолжи со оваа активност односно лицата кои треба да се вакцинираат ќе бидат поделени во групи и на однапред

РИЦ – Куманово имаше посета во дневениот центар за лица со посебни потреби активно се вклучени околу 20 лица со умерена , тешка и физичка попреченост во психофизичка активност.

Дневниот центар посетуваат лица кои не се вклучени во процес на рехабилитација во соодветни установи .

Дневниот центар е надвор од просториите на Центарот за Социјални работи и се наоѓа во просториите на детската градинка „ Ангел Шајче” во кругот на фабриката за чевли “Чик “.

Центарот е во склоп на Центарот за социјална работа во која е вклучен тим на стручни лица и профили : психолог , социјален работник, дефектолог и медицинска сестра . Со лицата работат стручни профили на формирање на лични навики за сами да се хранат , оржуваат лична хигиена и се работи на едукативен план во зависност од степенот на попреченост и одржување на физичка активност

Децата со посебни потреби во центарот имаат обезбедено како престој така и едукација, топол оброк, ужинка и превоз од место на живеење до центарот и назад .

Забелешки: Родителите и претсавниците од Центарот за Социјални работи , за оваа група лица со посебни потреби ке треба многу повеке да се работи за нивна подобра интеграција во општеството бидејки се наоѓаат на маргините, пристапот до самите институции им е доста отежнат и ке треба да се направи поголеми напори за нивниот пристап до самите

По повод 8 - ми април Светски ден на Ромите во Куманово беа одржани бројни манифестации меѓу кои и прием кај Градоначалникот на Општина Куманово на кои беа поканети претставници од НВОи ,РИЦ – Куманово, политички партии и медиуми. На самиот прием се дискутираше за работата на ЛС во врска со Ромската проблематика како и за наредните чекори со која ЛС ке се вклучи во активности од “Декадата на Ромите” и „Стратегија на Ромите”.

ХДЗРИ “Англунипе “ на 8 - ми април организираше трибина по повод Светски ден на Ромите во кое земаа учество представници од НВО , политички партии , студенти , средношколци и видни ромски активисти. На трибината се дискутираше за значењето на 8 - ми април за конгресите кои се досега одржани за првиот конгрес во Лондон 1971 година во кој се донесени залкучоци од кои Џелем џелем е прогласена за химна на Ромите. На трибината се разговараше за низа проблеми со кои се соочуваат Ромите во градот и начинот на кој во иднина ке треба да се работи и заеднички да се настапува.

Од 01.04.2009год.Ц.Р.З. „ДРОМ“започна со теренска едукација како дел од проектот „Преку едукација до намалена дискриминација**“.**

Теренската едукација ке биде во времетраење од април до септември 2009год. Во теренската едукација ќе бидат опфатени Ромки

на возраст над 14год и истата ќе се врши во сите Ромски населби во Куманово.За време на едкацијата ќе бидат делени предгодно подготвени флаери кои всушност претствуваат и мал водич за заштита од несакана бременост. Во оваа активност е вклучен и РИЦ Куманово за прибирање на информации и формирање база на потатоци преку пополнување на листи со следниве секции:

има и презиме;
адреса, возраст;
брачен статус;
образование;
број на деца/ возраст кога е родено прво дете;
абортуси;

Овој месец имавме повеќе случаи кои имаа потреба од обласа домување односно вадење на: имотен лист, потврда од катастер, немање на целосна документација за имотен лист, проблеми при пренос на имотот, дивоградба и сл. Овие лица ги упативме кај претставникот од урбанизам на предходно закажан термин.

Состанок со претставниот од Центар за социјални работи во просториите на РИЦ – Куманово за решавање и помош на лица кои имаат посложени проблеми преку директен разговор со претставникот.

Интервенции за решавање на комплицирани и итни слуачаи поврзани со овласта здравсво преку линккот фонд за здравство – Министерство за здравство односно убрзана процеура.

**Мај 2009**

Веднаш по објавувањето на конкурсот за упис во средно образование РИЦ – Куманово писмено достави соопштение до сите О.У. во Куманово со цел да ги информира полуматурантите за условите кои ги нудат средните училишта.

Во просториите на РИЦ имавме организирани средби со ученици кои оваа година ќе конкурираат за упис во средните училишта.

РИЦ – Куманово освен што ги информираше учениците за условите кои ги нудат училиштата им помагаше во пресметка на просекот односно на поените кои произлегуваат од V до VIII одд. за истите да увидат каде имаат најдобри можности за упис.

Загрижувачки е фактот тоа што Куманово како општина со голем број на ромско населние има мал број на ученици кои завршуваат О.У. а воедно има и голем број на ученици кои остануваат на продолжително. Иако РИЦ разговараше со некои од професорите сепак проблемот се јавува кај одредени ученици кои имаат повеќе од 5 слаби оценки.

Исто така РИЦ разговараше со директорите на Средните училишта во Куманово за да добиеме број на Роми кои оваа година се матиранти. Од средните училишта не информираа дека сеуште ја немаат конечната бројка и дека истата ќе може да ја добиеме после 9 ти Јуни.

На 05.05.2009год. РИЦ – Куманово подготви соопштение за II рата за стипендија за редовни ученици во I год. во средните училишта.Соопштението беше доставено до Средните училишта со цел

да ги информираме учениците да извадат потврда за редовни ученици и истата да ја достават во РИЦ Куманово.
Во просториите на РИЦ се донесени 38 потврди за редовни ученици и тоа:
ОСТУ „Наце Буѓони“ 13
ОСУ „Гоце Делчев“ 3
ОСЕУ„Перо Наков“ 21
ОСЗУ„Киро Бурназ“ 1
Овие потврди РИЦ – Куманово директно ги достави до Управа за развој и унапредување на образование на јазиците на припадниците на едничките заедници.

По повод уписот во I одд. дел од потребната документација се и потврдите од Детскиот диспанзер за редовно примени вакцини. Ова потврда во Куманово чини 300ден. Преку разговор со директорот на Здравсвениот дом Куманово дознавме дека од Министерството е донесено закон за плаќање на овие потврди но дека Здравствените домови на локално ниво преку управниот одбор ја донесуваат одлуката колку тоа ќе чини, што значи дека секоја општина има свој ценовник за издавање на оваа потврда. Разговараме и со Министерството за здравство до каде што воедно пуштивме и барање . На локално ниво НВОи напишаа петиција заедно со РИЦ со цел да се ослободат барем социјалните случаи затоа што 300 ден за некого се премногу.
Контактирање со фирми во врска со јавнот оглас за работодавачи која илезе на 26.05.2009год. така да на на 02.06.2009год. имаме закажано состанок во просториите на РИЦ со фирмите кои се заинтересирани но и со лицата кои би сакале да бидат вработени;

Помош при вадење на лична документација ( пополнување на барања, комуникација со СВР -Куманово, формирање на база податоци за лица кои се без документација),

**Јуни 2009**

На 03.06. РИЦ – Куманово одржа состанок со претставник од локалната самоуправа – сектор за образование.

Оваа средба беше со цел размена на информации за тековните уписи како и изнаоѓање на механизам како да им се помогне на учениците за упис во Средно училиште со давање преоритет на учениците кои имаат послаб успех.

Со претставникот беше договорено за редовна размена на информации и транспарентност од страна на локалната самоуправа за сите податоци кои се поврзани со престојните уписи.

Овој месец РИЦ – Куманово активно работеше во делот образование со цел да се надминат проблемите со кои се соочуваат учениците за време на упис а кои најчесто потекнуваат од слабиот успех на повеќето од нив.

РИЦ имаше редовни контакти со сите Средни учиишта од Куманово но и со учениците кои доаѓаа за: поолнување на пријави, пресметка на просек но и за помош односно лобирање за упис на смер на кој тие би сакале да се образуваат.

Најголем број на ученици се запишани во ОСТУ„ Наце Буѓони“.

Поради тековните годишни одмори диекторите на училиштата не се секогаша на работното место така да РИЦ Куманово во наредниот период планира да свика состанок со сите директори на Средните училишта како и претставните од локалната самоуправа чии надлежности се поврзани со образование. Овој состанок ќе го искористиме за упис на ученици во последниот уписен рок, надвор од квотата но и за добивање на релевантни бројки ( база податоци) за ученици кои се запишале затоа што сегашната бројка не е конечна и постојано се менува.

Воедно ОСЕУ„ Перо Наков“ имаше донесено одлука сите ученици на крајот на годината да плаќааат по 700 ден по основ плаќање на комјутерска опрема и инвентар. Во простоиите на РИЦ дојдоа ученици кои се жалеа на ваквата одлука бидејќи се социјални случаи и не се во можност да ги платат истите. РИЦ контактираше со училиштето за висината на сумата и како да се надмине овој проблем.

По повторни контакти во месец Јули дознавме дека одлуката е смената и учениците се ослободени од плаќање партиципација.

Во месец Јуни имавме посетеност и од страна на матуранти кои беа заинтересирани за упис на факултет и условите кои се нудат, така плановите на РИЦ Куманово за наредниот месец се однесуваат и на организирање на средби со матуранти со цел информирање за условите за упис на факултетите.
Во месец Мај РИЦ – Куманово реагираше во врска со наплатата која се вршеше од страна на детскиот дипанзер Куманово за потврда за примени вакцини која е потребна за упис во прво одделение. По повеќето контакти и во диспанзерот но и во Мнистерството за здравство успеавме да издејсвуваме и ние и другите НВОи оваа потврда воопшто да не се наплаќа.

РИЦ – Куманово во месец Јуни се ангажираше за тековниот кокурс од 26.05. кој излезе преку Агенцијата за вработување за работодавци кои сакаат да вработат Роми. РИЦ – Куманово најпрвин контактираше со приватни фирми со цел да ги информира за конкурсот и да им објасни за можностите кој ги нуди истиот. На 02.06. организиравме состанок во просториите на РИЦ со потенцијалните фирми кои би примиле Роми преку оваа програма. Поголемиот број на фирми не беа задоволни од оваа програма но и не беа во можност да примат нови лица во фирмите поради периодот на рецесија.

И покрај тоа што Куманово е голема општина  се пријавија само две фирми: ДООЕЛ Елида и ресторант Југославија  кои примија по 5 лица или вкупно 10 кои ќе бидат вклучени преку оваа програма.

Мораме да напоменеме дека РИЦ – Куманово беше максимално ангажиран за оваа активност и имаше одлична соработка со Агецијата за вработување во однос на редовна размена на информации.

**Јули 2009**

Еден од позитивните примери за работата на РИЦ – Куманово е случајот со  едно лице кое за прв пат се обрати во РИЦ пред година дена за помош да извади имотен лист но немаше никакви документи за сопственост на куќата во која што живее.Воедно неговиот сосед му зафатил дел од дворот и изградил ограда без претходна консултација .

По повеќемесечна постапка конечно лицето треба да земе имотен лист за својата куќа.

Активностите на РИЦ – Куманово се однесуваа на:

Свикување на состанок со претставикот од Сектор за урбанизам за директен разговор со лицето;

Константно информирање за процедурата;

Пишување на потребни барања ;

Контакти со катастерот;

Процедурата траеше подолг период но сепак на крај се надеваме ќе имаме и ние и лицето позитивен резултат.

Застапување на лице кое живее во Скопје а има куќа во Куманво. Лицето веќе подолг период односно од 2004год нема платено данок на имот при што на лицето му пристигна предупредување за плаќање на донок при што ако не се исплати ќе следува тужба. Лицето телефонски не инсконтактира и ни соопшти за проблемиот така што РИЦ – Куманово истиот ден се обрати во надлежниот секотор во Општина Куманово каде што издејствувавме сумата да се покрие на повеќе рати.

Помош при вадење на потврда за право на користење на здравствени услуги во итни случаи. Оваа потврда се издава само на лица кои не се регистрирани во Агенција за вработување.Овој месец имавме две постари лица кои не беа во можност лично да ја извадат оваа потврда поради проблеми со здрвавјето така да РИЦ ја превзема целата одговорност за комплетирање на документацијата и вадење на оваа потврда.

Од 01.07. до 31.07.2009год.Ц.Р.З. „ДРОМ“ вршеше  теренска едукација како дел од проектот „Преку едукација до намалена дискриминација**“.**

Во теренската едукација беа опфатени 89 Ромки на возраст над 14год и истата ќе се вршеше во сите Ромски населби во Куманово.За време на едукацијата беа  поделени предгодно подготвени флаери кои всушност претствуваат и мал водич за заштита од несакана бременост.

Во оваа активност е вклучен и РИЦ Куманово за прибирање на информации и формирање база на потатоци преку пополнување на листи со следниве секции:

- има и презиме;
- адреса, возраст;
- брачен статус;
- образование;
- број на деца/ возраст кога е родено прво дете;
- абортуси;

Ромскиот информативен центар пишуваше и изјави за непоседување на имот на Ромски семејства за прибирање на документацијата за остварување на социјална парична помош, а во однос на документот кој што е неопходен за вадење од страна на странката преку Управата за јавни приходи.

Информации за слободни работни места од пазарот на трудот како и пријава и одјава за работодавци и огласи за вработување на нови лица;

Евиденција на лица кои имаат потреба од вадење на лична докумнетација, прибирање на податоци , фотокопирање на потребни документи и формирање на конечна листа;

Состанок во просториите на РИЦ со претставниците од Центар за социјални работи, Сектор за образование и Сектор за урбанизам;

Пишување на барања, жалби, изјави и други потреби;

Превод на документи од друг јазик за потребите на странките;

Контакти со Црвен крст Куманово за помош на лица кои се во лоша социјална положба;

Контакти со Фонд за здравство за рефундација на финансиски средства.

**<u>Август 2009</u>**

Овој месец актуеланата ситуација на ромската заедница е доста проблематична во домен на електрична енергија. Во четири ромски населби (Средорек, Бавчи , Живкова Крпа и Стари Лозја), од вкупно 778 броила колку што се заведени во ЕВН, поставени се 537 а до крајот на годината ќе треба да се постават уште 241 броило. Од 18.08.09 – 22.08.09год., поради неплатени сметки во 245 куќи од сите ромски населби беше исклучена електричната енергија од кои: 25 во Средорек, 100 во Бавчи и 120 во Стари Лозја. Вкупниот долг изнесува 11,7000,000 мкд.

Поради овој проблем претставници од Ромската заедица, НВОи и РИЦ – Куманово имаа средба со надлежните од ЕВН се со цел да се пронајде модел за двете страни да бидат задоволни и ЕВН и Ромската заедница.

ЕВН излезе со следниве барања:

- 30% од вкупниот долг по семејтво да се плати веднаш, и понатаму да продолжи да се плаќа секој месец;

- Да се разговара со населението да се наплатува електрична енергија како и рационално да се користи истата бидејќи во грејнатата сезона значително се зголемува тарифата;
- Да се информира населението за последиците од дивите приклучоци на електрина енергија, за кои следува казна во висина од 5000Еуро;
- Пронајдени се околу 200 диви приклучоци и околу 20 семејтва кои незаконски користат електрчна енергија;
- Нема да се направи замена на трансформатори се додека не се започне со наплата на електрична енергија;
- Да се провери внатрешната инсталација пред грејната сезона;
- Преоптоварување на броилата во грејната сезона;
- Вработување на Роми во ЕВН – млади Роми кои имаат завршено минимум средно електро бразование;

Од страна на претставниците на Ромска заедница беше договорено:

- Да се разговара со Министерот без ресор г – дин Неждет Мустафа, за инзаоѓање на решение со Ромската заедница;
- Контакти со Градоначалник на Општина Куманово, за можно решавање со Ромите кои претежно се социјални случаи;
- Контакти и средби со МТСП за можни социјални пакети, во кои сите се социјални случаи ќе бидат ослободени од електрична енергија до 350KW над самото семејтво ќе си подмири долговите кон ЕВН;

На 23.08.2009год. во просториите на ЕВН - Куманово повторно се одржа средба со истите претставници на која беше договорено лицата од Ромската заедница да ги платат последните две сметки , да земат потврда дека примаат СПП и барање и истите да ги достават до ЕВН.Доколку ги исполнат овие услови ЕВН повторно ќе ги приклучи во мрежата за електрично напојување.

РИЦ – Куманово им излезе во пресрет на повеќе странки кои имаа потреба од пишување на барање до ЕВН.

На 07.08.2009год. претставник од СВР – Кратово се обрати телефонски до РИЦ – Куманово со цел да ни даде податоци за лице кое треба да го исконаткираме и да му помогнеме согласно своите можности. Лицето се обратило кај нив за да пријави случај на дискриминација од страна на вработени во Центар за социјални работи – Кратово.

Случајот се однесува за Ромско Семејство од Кратово.Каде сопругата живее во венчан брак од кој има две малолетни деца. Семејството биле корисници на СПП до Април 2009год но потоа сопругот се вработил и истата им е прекината. Во меѓувреме нивнотата четиримесечна ќерка заболела од инфекција на дел од абдоменот така да семејството не е во можност да ги покрие трошоците.Поради овие

причини сопругата се обратила во Центар за социјални работи –Кратово со цел да се информира и да добие некаков одговор. Вработените во Центарот не сакале да ја информираат дури и брутално ја избркале од канцеларијата од каде што таа револтирана се упатила да го пријави случајот во СВР – Куманово.

РИЦ – Куманово исконтакира со г- ѓа и ја информираше за сите можности кои се нудат во ваква ситуација. Воедно за случајот ги инфорира НВОи кои работат во Кратово да превземат мерки за ваквиот начин на однесување од страна на институциите.Контактира и до претставници од СВР – Кратово и ЦСР се со цел во иднина да нема вакви испади.

Овој случај уште еднаш покажува дека навистина постои дискриминација кон ромското население.

Како што знаеме во Август беше и последниот уписен рок во Средните и Основните Училишта. Во РИЦ имаше посетеност од ученици кои сакаа да го променат училиштето, да се запишат во поелитните училишта и сл. За овие случаи РИЦ контактираше со вработените во училиштата и лобираше за упис на овие ученици.

Воедно доаѓаа и лица кои имаат над 14год а сакаат да се запишат или продолжат во Ооновно Училиште.Овие лица не ги исполнуваат условите за упис како редовни ученици во О.У. и истите се интересираа за вонредни часови. Во Куманово оваа година нема вонредни паралелки со кои овие лица би можеле да завршат основно. Се надеваме дека во иднина ќе се обрне внимание од страна на Министерството за образование за лицата со ваков проблем или пак дека ќе се изнајде некое решение преку донатори за да се формираат вакви паралелки. Во Куманово единствено училиште кое ја има лиценцата и имз работено со ваков тип на образование е О.У.„11 Окотмври“.

Лица кои имаат проблеми поврзани со семејно насилство, информации за бракоразводна постапка и потреба од информации за згрижување на деца во семејство поради немање на финансии.

Поради големиот број на случаи кои доаѓаа во РИЦ а беа поврзани со социјално имавме состанок со претставник од Центар за социјални работи во просториите на РИЦ со цел да се информираме за поделеикатните случаи и да изнајдеме метод како да им се помогне на истите.

Информации за фирми кои имаат оглас за вработување. Пишување на барања за вработување, помош при подготовка на CV и комплетна документација за аплицирање за работно место.

**<u>Септември 2009</u>**

Од 23 – 25.10 2009год. во хотел „Климетица“ во Охрид се организираше семинар на тема „Преку едукација до намалена дискриминиациjа“.

На овој семинар присуствуваа претставници од шест Ромски информативни Центри од државата ( Куманово, Тетово, Гостивар, Прилеп, Битола и Штип), медицинската сестра која учествуваше на теренската едукација, претставници на Ц.Р.З.„ДРОМ“, претставници од РОЖМ „ДАЈА“ од Куманово, претставници од Министерство за труд и социјална политика и претставник од OSCE. Целта на овој семинар беше да се презентира проектот пред другите Иформативни центри и да се изнајде некое решение за идна соработка која ќе содржи програми против дискриминација на жената кои би се реализирале на територијата на целата држава.

На семинарот излагања имаа:

- Г – дин Ахмет Јашаревски Изврршен директор на Ц.Р.З.„ДРОМ“;
- Г – ѓа Славица Ристовска медицинска сестра во Детски диспанзер – Куманово;
- Г – ѓа Мабера Камбери, Министерство а труд и социјална политика;
- Г – ѓа Емина Метовска од РОЖМ „Даја“;

Семинарот беше од интерактивен карактер така да сите претставници од РИЦ можеа слободно да дискутираат на наведената тема и да даваат препораки како во иднина би можел да се надмине проблемот со дискриминацијата на жената Ромка.

Резултати од проектот:

- Едуцирани 75 женски и 15 машки за правата на жената Ромка со посебна акцент за семејно планирање (преку работилници);
- Едукација на 500 жени за нивните права, негативното влијание од дискриминација и како да се намине истата, користење на контрацепција, заштита од несакана бременост.( преку теренска едукација);
- Подигната свест на жената Ромка во днос на дискриминација.

Кратки препораки:

- Во иднина во активностите кои ќе бидат наменети за дискриминација на жената да бидат вклучени и машки со што би придонеле до поголема ефикасност и побрзо остварување на целите;
- Поголема вклученост на Ромите во образованието;
- Доколку се реализираат активности истите да вклучуваат теренска едукација затоа што само така можеме директно да допреме до населението и да влијаеме за промена на свеста.

Во Септември проблемот со искучување на електрична енергија сеуште е застапен. Доаѓаа лица кои имаат потреба од пишување на барања до ЕВН за приклучок на електрична енергија. Предходниот месец со ЕВН беше договорено да се платат последните две сметки, потврда дека се социјални случаи и барање за приклучок. И покрај тоа што поголем број

на лица се придржуваа до договорот сепак елекричната енергија сеуште не им е приклучена. ЕВН во моментот прави преговори за тоа како би можепо да се наплати заостанатиот долг Голем број од ромското население има голем заостанат долг што кај некои случаи излегува и до 150 000ден.

Во Септември имавме група од лица кои имаат тезги на градскиот пазар во Куманово. Лицата тезгите ги држат во новиот дел на пазарот кој воошто не е прометен. Поради ова лицата се обратија во РИЦ – Куманово каде што напишавме барање до Ј.П. Пазариште во кое се бара да се намали закупнината на тезгите и како причина се наведува недоволниот месечен приход;

Пишување на барања до Фондот за здравство за лица кои имаат потреба од ослободување на партиципација за болнички трошоци како и за рефундирање на трошоците за лекови. Во последниот период има зголемен број на случаи кои наидуваат со проблеми со здравството кои призлезуваат од немање на финансиски сретства за купување на основните сретства;
Информирање за тековни конкурси за вработување во ДООЕЛ КАМ и фирмата Собим, пишување на барања за вработување и помош при подготовка на биографија;

Овој месец две волонтерки од Ц.Р.З.„ДРОМ“ беа на обука за обучувачки за запознавање со правата на жените како дел на човековите човекови права организирана од страна на МТСП. По оваа обука обучувачките че треба да држат работилници со вкупно 75 жени. Овие работилници се предвидени од наредниот месец. РИЦ – Куманово ќе земе активно учество за реализаицija на овие обуки преку логистичка подршка за истит

**<u>Октомври 2009</u>**

На 15.10.2009год. во просториите на Локалната Самоуправа – Куманово се одржа средба на тема „Ромски јазик како изборен предмет во училиштата“.

На овој состанокот присуствуваа, претставници од сите Ромски политички партии, директорите на Основните училишта од Куманово, РИЦ – Куманово, г –дин Миле Стојменовиќ , Раководител на секторот за образование во Л.С. како и г –дин Реџеп Аили Џупи Директор на Управата за унапредување на јазиците на припадниците на етничките заедници во Р.Македонија.

Целта на оваа средба беше да се произнесе можна солуција за воведување на изборен предмет, Ромски јазик и култура во училишта.

Претставниците од политичките партии се информираа за постапката што е превземена од страна на училиштата за превземање на ваков чекор.

Училиштата се изјаснија дека поделиле анкетни листови уште во Мај во кој родителите требале да се произнесат во врска со изборниот предмет и дека мноогу мал број ученици се пријавени за овој изборен предмет и врз таа основа неможе да се отвори паралелка. Повеќето од директорите реагираа дека е доцна за воведување на овој час затоа што веќе истекува првотот тромесечје од учената година.

Од страна на присутните беше реагирано за овој коментар, поднесувајќи аргументи со тоа што изборниот предмет е еднаш неделно така да учениците до сега губеле само 8 часа, кои во иднина би можеле лесно да се надополнат преку дополнителни часови.

Од страна на присутните се дискутираше дека ако и оваа година не го воведеме изборниот предмет , наредната ќе се соочиме со уште поголеми проблеми , така да константно ќе се намалува бројот на родители кои се заинтересирани за нивното дете да го изучува овој предмет.

Г –дин Џупи истакна дека доколку се реши и постои можност да се реализира од оваа година он Управата ќе добијат целосна подршка.

По едночасовнота средба беше договорено да се свикаат родителски состаноци каде ќе им се објасни за можноста за изучување на овој предмет.Најдоцна до петок 23.10.2009год. да се има конечната бројка за заинтересирани ученици и од Ноември веќе да се започне со настава.

Изборниот предмет ќе се изучува од III до VIII одделение и оценката ќе влезе во пресметка на просекот од крајот на Основното Училиште.

На овој состанок директорите изјавија дека навистина проблемот со Ромските ученици е голем и покрај тоа што на ова поле работи и се залага и НВО секторот сепак има голем број на ученици кои се отпишуваат од училиште и тоа најчесто по петто одделение кога доаѓа повеќепредметна настава.

Како проблем РИЦ – КУманово го произнесе образованието за возрасни за кое и тебало да се залагаме сите затоа што во Куманово има училиште кое ја има лиценцата за работа но истото нема финансиски средства да започне.

Проблемот со стипендиите беше споменат на кој од Г –дин Чупи добивме одговор дека втората рата од стипендиите треба да се исплати најдоцна до наредниот месец но ни предочи дека ќе има стипендии и за другите години но и однапред подтsавени критериуми кои учениците ќе треба да исполнат како што е најмал просек 3 .

РИЦ Куманово ќе излезе во пресрет на сите О.У.во Куманово доколку имаат потреба од логистика или слично.

Се надеваме дека од оваа година конечно ќе започнеме со Изучување на ромски јазик во училиштата макар и со една грпа од по 15ученика.

Во месец Октомври Фондација Институт отворено општество организира обуки за „Ефективно работење со домашниот буџет“. Овие обуки се одвиваа во просториите на Ц.Р.З.„ДРОМ“ и на нив да поминаа (

01.- 03 2009год и од 05. - 07.2009) две групи од по три дена или бкупно 60 учесници.

Предвидените обуки се со цел учесниците да се запознаат со таканаречено домаќинско штедење на пари односно начини за штедење кои можат да му помогнат на семејството за да ги оствари сопствните цели.

Обуката не е базирана врз теоретски анализи и дефиниции туку практично и од секојдневни примери со најизменична комуникација помеѓу фасцилитаторите и учесниците да се дојде со остварување на целта.

Учесниците сами ќе ги пронајдат проблемите за нивното неправилно распределување на домашен буџет при што секогаш расходите се поголеми од приходите. На обуката ќе бидат дадени и поконкретни информации за кредититрање со што учесниците би ги дознале можностите за отпчнување на сопсттвен бизнис.

Овој месец најголем број случаи кои доаѓаа имаа потреба од престој во болница но истите немаа финансиски средства. РИЦ – Куманово преку преставникот од Фонд за здравство на повеќето од нив успеја да издејствува побрза процедура за ослободување од партиципација за болнички трошоци во висина од 2000 ден. ( согласно законот за социјални случаи);

Континуирана посетеност на лица кои имаат потреба од социјална помош, лица на која социјалната помош им е прекината поради ненавремено пријавување за истата да ја продолжат;

Во областа на вработување имавме посетеност од лица кои се интересираа за условите за вработување и програмата (сегашна и идна) која ја нуди Агенцијата за вработување. Освен можностите кои ги нуди агенцијата се интересираа за програми кои се наменети само за Ромското население;

Посетеност од лица кои имаат потреба од вадење на лична документација, најчесто комплицирани случаи на кои процедурата е долга и деликатна. РИЦ даде логистичка подршка во овој дел и формира база податоци за лица кои имаат ваков тип на проблеми;

Мораме да напоменеме дека овој месец просториите на РИЦ – Куманово го посетија подолем број на лица кои се интересираа за стипендија за Средношколци од I до IV год, конкурси за стипендии, услови и сл.

Четири лица кои имаат проблем со документи се обратија во РИЦ – Куманово. Овие лица се странски државјани и нивното право за престој завршило одамна и сега се наоѓаат во многу лоша ситуација;

Во Куманово се одржа јавна дебата на тема „Дискриминација врз Ромите од страна на институциите“ и истата ја водеа: г-дин Ахмет

Јашаревски „РНВО – 2002“ , г – дин Љубомир Бубевски – Полио Плус , г – дин Феат Камберовски – Форум за правата на Ромите и г –дин Мухамет Точи– Х.Д.Р.„Месечнина“ – Гостивар.

На оваа дебата беа изнесени следниве заклучоци:

Дискриминација од страна на полицијата и администрација при издавање на документи, при некомплетна документација се враќаат документите без да има објаснување што понатака и кои документи има фалат за нивно комплетирање;

Во Р.Македонија се уште има апартриди од кои 800 лица, претежно деца не се заведени во матична книга на родени и немаат никаква документација;

Уписната политика на Ромските деца кои не се запишуваат по реони, туку се префрлуваат во училишта каде што се реонизација не припаѓаат, со изговор да нема сегрегација на Ромските деца;

Двојната дискриминација во училиштата и од страна на наставниците и од страна на учениците;

Во областа на вработување, Ромите се над 80% социјални случаи а воедно и најмалку вработени во институции 0,6% , иако според попис на Р.Македонија живеат 2,66% Роми;

Скриена дискриминација од страна на институциите, иако со Рамковен договор би требало да се вработат Роми спрема процент, тоа не се остварува;

Општина Куманово како најголема оштина во Р.македонијасо оклу 105,000 жители , во Локалната Самоуправа не е вработен ниту еден Ром; Државните фирми и институции се политизирани и се примат само партиски лица;

Здравство – поголемиот дел од Ромските деца не се вакцинираат, се збори за децата кои не одат на училиште, ретко имаат направено систематски преглед, жените не посетуваат гинеколог како за време на бременоста така и по неа;

Од предходно изнесените кратки заклучоци околу кои се дебатираше можеме да видиме дека Ромите навистина се дискриминирани во сите аспекти на општеството. За прв пат во општина Куманово се одржа една ваква дебата која се однесува директно на дискриминација врз Ромите.

Се надеваме дека во иднина ќе се работи повеќе на ова рашање и дека законот за антидискриминација ќе помине во пракса

**Ноември 2009**

На 25.11.2009год. во просториите на поранешниот комитет се одржа средба по повод воведување на Ромски јазик и култура во Основите училишта во Куманово а целта беше да се согледаат резултите од

активностите кои беа поставени предходниот месец на состанокот во Локалната Самоуправа Куманово.

На оваа средба присуствуваа претставници од Основните Училишта од Куманово, Локалната Самоуправа, политички партии и Невладини Организации.

За изучување на овој предмет не се пријавиле доволен број на ученици и покрај тоа што во О.У.Христијан Тодоровски Карпош и О.У.11 Октомври поголемиот дел ученици се Роми. Ваквиот пропуст се изнајде во ненавременото информирање на родителите од страна на училиштата но и намалената заинтересираност на родителите чии деца учат основно, што произлегува од проблемот кој се случи минатата година т.е. учениците почнаа да го изучуваат предметот а потоа наставата се прекина поради неводно неправилен конкурс за вработување.

Сепак постои можност оваа година да се започне со изучување така што ќе се формираат комбинирани паралелки од по 15 ученика односно 3 одд. и 4 одд. РИЦ Куманово контактираше до г –дин Реџеп Али Чупи и истиот ни потврди дека постојат услови за формирање на комбинирани паралелки.

Списоците на учениците кои се изјасниле за изучување на овој предмет се доставени до г –дин Миле Стојменовиќ ,Раководител на Сектор за образование, од страна на О.У. и сега останува на секторот за образование овие податоци да ги достави до Министерството за образование од каде што би требало да следи позитивен одговор.

Во Куманово има четири лица кои имаат завршено Педагоши факултет така да истите ке конкурираат за вработување веднаш по одобрување од страна на МОН.

И овој месец Фондација Институт отворено општество организира обуки за „Ефективно работење со домашниот буџет“. Овие обуки се одвиваа во просториите на Ц.Р.З.„ДРОМ“ ( 28.11.- 30.11. 2009год) и на нив поминаа 30 учесници.

Предвидените обуки се со цел учесниците да се запознаат со таканаречено домаќинско штедење на пари односно начини за штедење кои можат да му помогнат на семејството за да ги оствари сопствните цели.

Обуката не е базирана врз теоретски анализи и дефиниции туку практично и од секојдневни примери со најизменична комуникација помеѓу фасцилитаторите и учесниците да се дојде со остварување на целта.

Учесниците сами ќе ги пронајдат проблемите за нивното неправилно распределување на домашен буџет при што секогаш расходите се поголеми од приходите. На обуката ќе бидат дадени и поконкретни информации за кредититрање со што учесниците би ги дознале можностите за отпчнување на сопсттвен бизнис.

Најголем број од лица кои доаѓаа во просториите на РИЦ – Куманово се лица кои имаат проблеми од областа здравство. Повеќето од лицата се во тешка здравствена состојба и треба да направат

хирушки интервенции. Поради итноста на случаите од Државна болница – Скопје лицата биле упатувани во приватни клиники како што е Филип II која нема потпишано договор со Фонд за здравство. Лицата се во тешка социјална положба и немаат финансии да ги покријат овие стретства. РИЦ – Куманово контактираше со Фонд за здравство како и во Мнистерство за здравство се со цел да се изнајде решение за овие лица;

Просториите на РИЦ – Куманово ги посети и родител чие дете учи во Средно Музичко Училиште во Скопје, смер - ударни инструменти. Детето има особена дарба за ударни инструменти и истото беше забележано лани од страна на еден професор на училиштето кој што воедно го запиша во истото. Проблем се јавува што ова дете и покрај тоа што има голем талент сепак не е во можност да го заврши школувањето поради немање на финансиски средства. Детето има мотив да учи и сите професори го забележале неговиот талент. Родителот се обраи во РИЦ се со цел да изнајдеме решение за неговото дете да не го напушти училиштето. РИЦ – Куманово разговараше со претставници од Советот на Општината а воедно пушти барање до градоначалникот на општина Куманово од кој што чекаме позитивен одговор;

Застапени беа и проблеми со кои се соочуваа некои лица при вадење на лична документација од тип на дискриминација и неинформираност. Постапката за вадење на нова лична карта воведе голем број на проблеми кај населението. Голем број на Роми доаѓаа за пополнување на барања и уплатници кои треба да ги поднесат во СВР – Куманово како и да се информираат за процедурата за вадење на истите.

Во РИЦ беа пријавени два случаи на дискриминација. Еден од случаите се однесуваше на ученик во Средното Училиште за посебни потреби Скопје чии што родители не биле навремено информирани дека нивното дете ја повторувало годината а при секој разговор, професорите велеле дека детето е солиден ученик. Воедно на овој ученик не му биле платени патните трошоци. РИЦ Куманово контактираше со Средното училиште за да добие дополнителни информации за овој случај и да се увидат пропстите;

Проблеми од областа на социјалата. Информирање за процедурата за примање на СПП, ЕПП, ППП , комплетирање на документација, фотокопирање. Контакти со Центарот за социјални работи – Куманово за покомплицирани случаи поврзани со семејно насилство и Самохрани мајки;

Подготовка на купопродажни договори, пуштање на факс во странство, пишување на жалби, барања, изјави, соопштенија, приговори и се она од кое што имаа потреба лицата кои ги посетија просториите;

**Декември 2009**

Во петок на 04.12.2009год. гратскиот пазар Куманово беше посетен од страна на Државна пазарна испекција - Скопје која што заплени големо количество на текстилна роба од лицата кои продаваат (Ромското население)

Бидејќи РИЦ - Куманово беше запознаен дека имало некои нерегуларни процедури од страна на инспекторите, свика состанок со пазарџиите во просториите на РИЦ - Куманово.

Состанокот се одржа на 07.12.2009 год.и на него присуствуваа сите 13 Роми на кои им беше одземена робата.

На состанокот пазарџиите ги истакнаа следниве нерегуларности:

- Биле посетени само тезгите кои ги држат Роми и на истите робата им е одземена;
- Имало одземено роба само на еден Албанец и тоа веројатно затоа што бил до нивната тезга (по грешка);
- Потврда за одземена роба добиле сите а записник добил само еден додека пак на другите не им бил доставен;
- Неинформираност за тоа каде и како треба да се плати паушалот од 100 euro;
- Неинформиранст за пуштање на пригивир и рок за пуштање на истиот;
- Воедно робата им е одземена затоа што истата ја продавале како брендирана а истата била фалсификат;

РИЦ - Куманово контактираше со Државниот пазарен испекторат каде што им објаснивме за проблемите и неинформираноста со која се соочува Ромското население, за понатамошната постапка. Од таму се оградија дека истите постапиле согласно законот и дека не е вршена никаква дискриминација и дека не биле прекршени човековите права но воедно дека ќе го испитааат случаот. РИЦ – контактираше и со претставниците од СВР Куманово кои имаат надлежност за оваа работа и од таму добивме ист одговор.

Од страна на Дравниот пазарен испекторат ни потврдија дека вакви контроли ќе продолжат и во наредните месеци.

Проблем е и тоа што лицата немаат регистрирано фирма а според новиот закон истите мора да регистрираат. РИЦ Куманово им предложи за сите понатамошни постапки, жалби , барања ќе им излезе во пресрет но и ќе ги информира и помогне согласно своите

можности за правилата за регистрирање на фирма но и помош од Агенција за вработување Куманово.

Поради новиот процес за водење на лична документација која што е во тек ,РИЦ Куманово е посетен од повеќе лица кои имаат потреба ид информирање и помош при пополнување на докуметни, уплатници како и фотокопии за истите. Повеќето од лицата се соочуваат со долг процес на чекање особено при постапката за вадење на пасош за кој имаат потреба поради заминување во странство за работа.

Од лицата кои доаѓаа во РИЦ најзастапени беа лицата кои имаа потреба од финансиски средства поради здравствените проблеми со кои се соочуваат. Овие лица не ги исполнуваат условите за примање на сретства од Центарот за социјални работи ниту пак им се покриени истите од Фондот за здравсво. Така да се оставени самите на себе. Овие лица нејчесто има потреба од итен преглед во државната болница во Скопје и истите немаа никаков извор на финансии.

Проблемите со социјалата како и секогаш се најзастапни, континуирано доаѓаат странки кои имаат потреба од информации, барања за социјална, постојана и еднократна парична помош;

Во овој период имавме посетеност од лица чија електрична енергија е исклучена поради неплатени сметки. На овие лица им беше направено барање до ЕВН за плаќање на сметките на рати и ослободување на дел од долгот. Пробелемите со неплатени сметки од ЕВН во Куманово сеуште се застапени;

Во Декември имаше две лица кои се вклучени во програмата која од преку Агенцијата за вработување кои не беа задоволни од исплатат како иначинот на кој што функсионира оваа програма. Овие лица не беа многу задоволни ни од работодавачот , конкретно се однесува на ресторан Буѓо за кој велат дека освен варење кафе не им било дзволено ништо друго да работат. РИЦ – Куманово контактираше со надлежните во ресторанот за оваа ситуација. Лицата кои се вклучени во оваа програма по други фирми се задоволни.